# ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ
## Скопје

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
## И
## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2018

мај 2019

СОДРЖИНА


| | Страна |
|---|---|
| ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР | 1 - 3 |
| ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ | |
| Извештај за сеопфатна добивка | 4 |
| Извештај за финансиска состојба | 5 |
| Извештај за промени во капиталот | 6 |
| Извештај за паричните текови | 7 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 8-65 |

Додатоци

Додаток 1- Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работење

Додаток 2- Годишна сметка

Додаток 3- Годишен Извештај за работењето

BDO

Тел. +389 2 3117 888
Факс. +389 2 3117 999
www.bdo.mk

11 Октомври бр. 86-1/1
1000 Скопје
Република Македонија

До
Раководството на
ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ
Скопје

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Јавно Сообраќајно Претпријатие СКОПЈЕ- Скопје, (во понатамошниот текст: Друштвото), кои се состојат од Извештајот за финансиска состојба на 31 декември 2018 година, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промените на капиталот и Извештајот за паричните текови за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и примена на соодветни сметководствени проценки зависно од околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.



БДО ДОО Скопје е трговско друштво основано во Република Македонија, членка на BDO International Limited, компанија со ограничена одговорност во сопственост на гаранции основана во Велика Британија. БДО ДОО Скопје е дел од меѓународната БДО мрежа на независни фирми членки.

БДО е бренд име за БДО мрежата и за секоја фирма членка.

До
Раководството на
ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ
Скопје

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)

### *Основа за квалификувано мислење*

Како што е наведено во Белешка 14, Друштвото има презентирано земјиште во вредност од 165.767 илјади денари. Врз основа на приложената документација, земјиштето не е во сопственост на Друштвото, туку Друштвото има право на користење на земјиштето. Ние не се стекнавме со релевантен ревизорски доказ за вреднувањето на правото на користење на земјиштето.

### *Мислење на ревизорот*

Според нашето мислење, освен за ефектот на финансиските информации наведени во претходниот параграф, финансиските извештаи на Друштвото ја прикажуваат реално и објективно, финансиската состојба на Друштвото на ден 31 декември 2018 година, како и финансиските резултати и неговите парични текови за годината која која завршува на тој ден, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување објавени и прифатени во Република Македонија.

### *Обрнување на внимание*

Без да го квалификуваме нашето мислење, обрнуваме внимание на Извештајот за промени во капиталот, каде е презентирано дека Друштвото има негативен капитал во износ од 85.785 илјади денари, што може да го доведе во прашање континуитетот на работење. Претпоставката за континуитет не е загрозена, поради тоа што сопственик на Друштвото е Град Скопје, кој, како Единица на Локална Самоуправа има намера да го поддржи работењето на Друштвото во догледна иднина, имајќи го предвид фактот дека Друштвото обавува дејност од јавен интерес.

### *Останати прашања*

Основачкиот влог на Друштвото во износ од 53.296 илјади денари прикажан во финансиските извештаи, не е утврден со Актот на основање и не е регистриран во Централниот регистар на РМ. Презентирањето на основната главнина во финансиските извештаи не влијае врз севкупното вреднување и презентирање на капиталот на Друштвото како и работењето на истото.

Финансиските извештаи на Друштвото за претходната 2017 година беа ревидирани од друг ревизор кој во својот извештај со датум од 22.06.2018 година изразил мислење со резерва. Квалификациите се однесуваат за: а) несоодветно презентирање на основната главнина на Друштвото; б) вреднување на земјиште; в) несоодветно презентирање на краткорочен и долгорочен дел на побарувања и обврски.

*Извештај за други правни и регулативни барања*

Менаџментот на Друштвото е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2018 година.

Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Јавно Сообраќајно Претпријатие СКОПЈЕ- Скопје за годината која завршува на 31 декември 2018 година.

Скопје, 17.05.2019 година

Звонко Кочовски

Овластен ревизор

Драган Димитров

Управител

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
За годината која завршува на 31 Декември 2018
Во илјади денари

| | Белешка | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | | | |
| Приходи од продажба | 4 | 1.309.643 | 1.317.279 |
| Останати оперативни приходи | 5 | 377.518 | 365.508 |
| **ВКУПНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | | 1.687.161 | 1.682.787 |
| **ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | |
| Набавна вредност на продадени стоки | | (3) | (2) |
| Трошоци за материјали и одржување | 6 | (929.305) | (766.943) |
| Плати, надоместоци и др. лични примања | 7 | (594.246) | (623.318) |
| Амортизација | 8 | (109.656) | (108.659) |
| Останати оперативни трошоци | 9 | (104.213) | (112.963) |
| **ВКУПНО ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | (1.737.423) | (1.611.885) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА/(ЗАГУБА)** | | (50.262) | 70.902 |
| **ПРИХОДИ (РАСХОДИ) ОД ФИНАНСИРАЊЕ** | | | |
| Приходи од финансирање и курсни разлики | 10 | 171.527 | 493 |
| Трошоци од финансирање и курсни разлики | 11 | (1.247) | (1.593) |
| Нето приходи од финансирање | | 170.280 | (1.100) |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | 120.018 | 69.802 |
| Данок од добивка | 12 | (10.944) | (7.260) |
| **ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | | 109.074 | 62.542 |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | | 109.074 | 62.542 |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Друштвото на ден 15 март 2019 година и се потпишани во негово име од страна на:

Кристијан Чушков
Генерален директор

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ**
**За годината која завршува на 31 декември 2018**
**Во илјади денари**

| | Белешки | 31 декември 2018 | 31декември 2017 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 13 | 7.471 | 15.740 |
| Недвижности, постројки и опрема | 14 | 832.569 | 905.015 |
| Вложувања во недвижности за наем и останати недвижности | 15 | 4.524 | 4.702 |
| Вложувања во подружници | 16 | 597 | 1.456 |
| Останати долгорочни средства | 17 | 137.328 | 189.107 |
| | | 982.489 | 1.116.020 |
| **Тековни средства** | | | |
| Залиха | 18 | 40.018 | 43.884 |
| Побарувања од купувачи | 19 | 53.573 | 45.598 |
| Краткорочни финансиски средства | 20 | 27.089 | 100 |
| Останати тековни средства и АВР | 21 | 18.268 | 22.142 |
| Пари и парични еквиваленти | 22 | 355.330 | 305.506 |
| | | 494.278 | 417.230 |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | 1.476.767 | 1.533.250 |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал** | | | |
| Основачки капитал | 23 | 53.296 | 53.296 |
| Акумулирана добивка/(загуба) | | (248.155) | (310.697) |
| Тековна добивка/(загуба) | | 109.074 | 62.542 |
| | | (85.785) | (194.859) |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | 24 | 142.563 | 394.712 |
| | | 142.563 | 394.712 |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни позајмици | 25 | 99.227 | 10.580 |
| Обврски кон добавувачи | 26 | 245.641 | 161.846 |
| Останати тековни обврски и ПВР | 27 | 1.075.121 | 1.160.972 |
| | | 1.419.989 | 1.333.398 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | 1.476.767 | 1.533.250 |
| **ВОН-БИЛАНСНИ СТАВКИ** | | 9.339 | 39.790 |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ
За годината која завршува на 31 декември 2018
Во илјади денари

| | Акционерски капитал | Законски резерви | Акумулирана Добивка (загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2017 | 53.296 | - | (310.697) | (257.401) |
| Добивка за тековната 2017 година | - | - | 62.542 | 62.542 |
| Состојба на 31 декември 2017 | 53.296 | - | (248.155) | (194.859) |
| Добивка за тековната 2018 година | - | - | 109.074 | 109.074 |
| Состојба на 31 декември 2018 | 53.296 | - | (139.081) | (85.785) |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ**
**За годината која завршува на 31 декември 2018**
**Во илјади денари**

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ | | |
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | **120.018** | **69.801** |
| *Усогласувања на добивката за нето паричните текови од оперативни активности:* | | |
| Амортизација | 109.656 | 108.660 |
| Приходи од субвенции | (293.757) | (314.375) |
| Вредносно усогласување на вложувања | 859 | 1.204 |
| Капитална загуба од намалување на основни средства | 346 | - |
| Отпис на побарувања | 23.330 | - |
| Отпис на обврски | (192.842) | (2.478) |
| Кусоци (вишоци) на залиха | (584) | 278 |
| Приходи/расходи за камати,нето | (13.709) | 1.100 |
| *Оперативна добивка пред промени во работниот капитал* | (246.683) | (135.810) |
| **Промени во оперативните средства и обврски:** | | |
| *Зголемување/(намалување) на тековните средства:* | | |
| Побарувања од купувачи | (31.305) | (21.817) |
| Останати побарувања и АВР | (23.115) | 22.852 |
| Залихи | 4.450 | 21.092 |
| *Зголемување/(намалување) на тековните обврски:* | | |
| Обврски кон добавувачи | 83.795 | (70.430) |
| Останати тековни обврски и ПВР | 206.926 | 302.309 |
| Парични средства кои произлегуваат од работењето | (5.932) | 118.197 |
| Данок на добивка | (10.944) | (7.994) |
| **Нето паричен тек од оперативни активности** | **(16.876)** | **110.203** |
| ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ | | |
| Набавка (продажба) на недвижности, постројки и опрема | (29.129) | (70.776) |
| Набавка (продажба) на нематеријални средства | - | - |
| Останати долгорочни средства | 52.780 | - |
| **Нето паричен тек од инвестициони активности** | **23.651** | **(70.776)** |
| ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ | | |
| Прилив/(одлив) по основ на долгорочни кредити | (59.307) | (17.238) |
| Прилив/(одлив) по основ на краткорочни кредити | 88.647 | (21.620) |
| Примени камати | 14.086 | 493 |
| Платени камати | (377) | (1.593) |
| **Нето паричен тек од финансиски активности** | **43.049** | **(39.958)** |
| Нето зголемување /(намалување) на паричните средства | 49.824 | (531) |
| Пари и парични средства на почетокот на годината | 305.506 | 306.038 |
| **Пари и парични средства, крај на годината** | **355.330** | **305.506** |

## 1. КОРПОРАТИВНИ ПОДАТОЦИ

Јавното сообраќајно претпријатие Скопје - Скопје е организиран систем и најголем превозник на патници во главниот град на Република Македонија, со јасно дефинирана дејност од посебен општествен интерес.

ЈСП СКОПЈЕ - Скопје е носител на превозот на патници во јавниот градски и приградски сообраќај на подрачјето на град Скопје. Почетоците на ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ датираат од 1947 година. Три години по ослободувањето на Скопје, во време во кое народните власти почнуваат да го организираат животот во главниот град, со Решение на Извршниот народен одбор на Градот, од 11 Јули 1947 година, се донесува одлука за основање на градско претпријатие за авто транспорт. Претпријатието е регистрирано во судскиот регистар на 17 Јануари 1948 година, под името Градско автобуско сообраќајно претпријатие. Превозот на патници е обврска на ЈАВНОТО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ како јавен превозник.

Со Одлука на Собранието на град Скопје од 1989 година Работната организација за градски сообраќај „Скопје" е трансформирана во ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ СКОПЈЕ. Според член 10, позиција 4, алинеа 10 од Законот за град Скопје, уредувањето и организацијата на јавниот градски и приградски превоз на патници, како единствен превозен системот во градот, е под надлежност на градот Скопје.

Главната канцеларија на компанијата е во Скопје на булевар Александар Македонски бр. 10 Скопја - Гази Баба.

Број на вработени со датум 31 декември 2018 година изнесува 1.329 вработени (31 декември 2017 година изнесува 1.347 вработени).

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 2.1. Основа за изготвување

Во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва ("Службен весник на РМ" бр.28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13) правните лица во Република Македонија имаат обврска да водат сметководство и да подготвуваат финансиски извештаи во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на Република Македонија.

Приложените финансиски извештаи се изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Македонија во Правилникот за сметководство (Сл.Весник 159/2009) и применливи од 1 Јануари 2010 година, вклучувајќи ги Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) и Интерпретациите издадени од Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди (ОМСС) и Комитетот за толкување на Меѓународни стандарди за финансиско известување (КТМСФИ), последователно.

Финансиските извештаи се изготвени со примена на методата на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето.
Овие финансиски извештаи ги опфаќаат побарувањата, обврските, оперативните резултати, промените во капиталот и паричните текови на Друштвото како посебен ентитет.

При изготвувањето на овие финансиски извештаи, Друштвото се придржуваше кон сметководствените политики опишани во Белешка 3.

Финансиските извештаи на Друштвото се изразени во илјади денари. Денарот претставува официјална известувачка валута на Друштвото. Сите други трансакции во валута различна од официјалната се сметаат за трансакции во странска валута.

Подготвувањето на финансиските извештаи во согласност МСФИ, бара примена на одредени сметководствени проценки. Исто така бара од раководството да примени расудување во процесот на примена на сметководствените политики на Друштвото. Деловите кои вклучуваат повисок степен на расудување и комплексност, или пак делови каде што претпоставките и проценките се значајни за финансиските извештаи се обелоденети во белешка 3.

## 4. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 1.284.463 | 1.292.421 |
| Приходи од наемнина | 23.065 | 19.889 |
| Приходи од продажба на отпадоци | 2.031 | 725 |
| Приходи од останати услуги | 84 | 4.244 |
| Вкупно | 1.309.643 | 1.317.279 |

## 5. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Приходи од субвенции и донации | 293.757 | 341.026 |
| Вишоци по попис | 599 | 197 |
| Наплатени отпишани побарувања | 598 | 2.479 |
| Приходи од отпис на обврски | 35.401 | - |
| Останати приходи | 47.163 | 21.806 |
| Вкупно | 377.518 | 365.508 |

## 6. ТРОШОЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ И ОДРЖУВАЊЕ

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Потрошено гориво, мазива и др | 391.727 | 312.764 |
| Потрошени канцелариски материјали | 3.518 | 2.462 |
| Електрична енергија и греење | 10.654 | 9.818 |
| Резервни делови | 19.786 | 26.652 |
| Транспортни услуги | 363.615 | 323.673 |
| Ситен инвентар,амбалажа и гуми | 11.566 | 6.175 |
| Телекомуницкациски услуги | 15.847 | 18.873 |
| Комунални услуги | 6.746 | 6.422 |
| Услуги за одржување и заштита | 1.199 | 6.976 |
| Трошоци за надворешни услуги | 104.647 | 53.128 |
| Вкупно | 929.305 | 766.943 |

## 7. ПЛАТИ, НАДОМЕСТОЦИ И ДРУГИ ЛИЧНИ ПРИМАЊА

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Бруто плати | 592.585 | 619.513 |
| Останати надоместоци | 1.661 | 3.802 |
| **Вкупно** | **594.246** | **623.318** |

## 8. АМОРТИЗАЦИЈА

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Нематеријални средства (Белешка 13) | 8.269 | 8.189 |
| Материјални средства (Белешка 14) | 101.387 | 100.470 |
| **Вкупно** | **109.656** | **108.659** |

## 9. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Трошоци за наем, лизинг | 7.704 | 6.462 |
| Трошоци за реклама, пропаганда и промоција | 1.546 | 9.193 |
| Репрезентација | 285 | 557 |
| Спонзорства и донации | 1.152 | 2.019 |
| Банкарски услуги | 1.845 | 1.411 |
| Премии за осигурување | 23.631 | 19.623 |
| Надомест на членови за управен одбор и надзорен одмор | 1.857 | 1.451 |
| Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки | 912 | 12.800 |
| Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци | 472 | 614 |
| Исправка на вредноста на побарувања | 23.330 | 1.765 |
| Останати трошоци на работењето | 20.936 | 20.549 |
| Трошоци за истражување и развој | - | 203 |
| Загуби врз основа на расходување и загуби од продажба на материјални средства | 346 | 807 |
| Останати трошоци | 20.197 | 35.509 |
| **Вкупно** | **104.213** | **112.963** |

## 10. ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ И КУРСНИ РАЗЛИКИ

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| **ПРИХОДИ ОД КАМАТИ** | | |
| Камати по судски решенија | 12.745 | - |
| Приходи од отпис на камати | 157.441 | - |
| Камати од банка | 1.320 | 471 |
| **Вкупно** | 171.506 | 471 |
| **ПОЗИТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ** | | |
| Позитивни курсни разлики | - | 9 |
| **Вкупно** | - | 9 |
| Останати финансиски приходи | 21 | 13 |
| **Вкупно** | 21 | 13 |
| **Вкупно приходи од финансирање** | 171.527 | 493 |

## 11. РАСХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ И КУРСНИ РАЗЛИКИ

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| **ТРОШОЦИ ОД КАМАТИ** | | |
| Камати | 377 | 23 |
| **Вкупно** | 377 | 23 |
| **НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ** | | |
| Негативни курсни разлики | 10 | 15 |
| **Вкупно** | 10 | 15 |
| Останати финансиски расходи | 860 | 1.555 |
| **Останати финансиски расходи** | 860 | 1.555 |
| **Вкупно расходи од финансирање** | 1.247 | 1.593 |

## 12. ДАНОК НА ДОБИВКА

Усогласувања на данок на добивка и добивка пред оданочување помножена со пропишана стапка на данок на добивка

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Добивка (загуба) пред оданочување | 120.018 | 69.802 |
| Непризнаени расходи | 25.829 | 5.371 |
| Даночна основа | 145.847 | 75.173 |
| Намалување на даночна основа | 36.412 | 2.573 |
| Даночна основа по намалување | 109.435 | 72.600 |
| Пресметан данок на добивка | 10.944 | 7.260 |
| Намалување на пресметан данок на добивка | - | - |
| **Данок на добивка** | **10.944** | **7.260** |
| *Ефективна даночна стапка* | *9,12%* | *10,40%* |

Данокот на добивка се плаќа по стапка од 10% применета на даночната основа прикажана во годишната даночна пријава по намалувањето за одредени даночни олеснувања. Даночната основа прикажана во даночната пријава претставуваат даночно непризнатите трошоци согласно одредбите во Законот за данок на добивка.

## 13. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

| | Лиценци и права | Вкупно |
|---|---|---|
| **Набавна вредност на 1 јануари 2017** | 31.014 | 31.014 |
| Набавки | 2.750 | 2.750 |
| **Состојба на 31 декември 2017** | 33.764 | 33.764 |
| Набавки | - | - |
| Отпис | (457) | (457) |
| **Состојба на 31 декември 2018** | 33.307 | 33.307 |
| **Акумулирана амортизација 1 јануари 2017** | 9.835 | 9.835 |
| Тековна амортизација | 8.189 | 8.189 |
| Намалување на исправката | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2017** | 18.024 | 18.024 |
| Тековна амортизација | 8.269 | 8.269 |
| Намалување на исправката | (457) | (457) |
| **Состојба на 31 декември 2018** | 25.836 | 25.836 |
| **Нето сегашна вредност на:** | | |
| **- 31 декември 2018** | 7.471 | 7.471 |
| **- 31 декември 2017** | 15.740 | 15.740 |

Сите износи се искажани во илјади денари, освен таму каде што е поинаку назначено

## 14. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

| | Земјиште | Градежни објекти | Опрема и транспортни средства | Инвестиции во тек и аванси | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Набавна вредност на 1 Јануари 2017 | 165.767 | 852.578 | 3.394.180 | 333.759 | 4.746.284 |
| Набавки | - | 6.144 | 55.886 | 6.101 | 68.131 |
| Расходување, продажба (намалување) | - | (1.733) | (32.413) | - | (34.146) |
| Состојба на 31 Декември 2017 | 165.767 | 856.989 | 3.417.653 | 339.861 | 4.780.269 |
| Набавки | - | 1.595 | 493 | 27.041 | 29.129 |
| Расходување, продажба (намалување) | - | (1.338) | (80.694) | - | (82.032) |
| Состојба на 31 Декември 2018 | 165.767 | 857.246 | 3.337.452 | 366.902 | 4.727.367 |
| Акумулирана амортизација на 01.01.2017 | - | 482.301 | 3.326.257 | - | 3.808.558 |
| Тековна амортизација | - | 53.531 | 46.762 | - | 100.293 |
| Намалување на исправката | - | (1.284) | (32.313) | - | (33.597) |
| Акумулирана амортизација на 31.12.2017 | - | 534.548 | 3.340.706 | - | 3.875.254 |
| Тековна амортизација | - | 53.510 | 47.721 | - | 101.231 |
| Намалување на исправката | - | (1.339) | (80.348) | - | (81.868) |
| Состојба на 31.12.2018 | - | 586.719 | 3.308.079 | | 3.894.798 |
| Сегашна вредност на 31.12.2018 | 165.767 | 270.527 | 29.373 | 366.902 | 832.569 |
| Сегашна вредност на 31.12.2017 | 165.767 | 322.441 | 76.947 | 339.861 | 905.015 |

## 15. ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ ЗА НАЕМ И ОСТАНАТИ НЕДВИЖНОСТИ

| | Вложувања во недвижности за наем | Вкупно |
|---|---|---|
| Набавна вредност на 1 јануари 2017 | 7.119 | 7.119 |
| Набавки | - | - |
| Состојба на 31 декември 2017 | 7.119 | 7.119 |
| Набавки | - | - |
| Состојба на 31 декември 2018 | 7.119 | 7.119 |
| **Акумулирана амортизација** | | |
| 1 јануари 2017 | 2.239 | 2.239 |
| Тековна амортизација | 178 | 178 |
| Состојба на 31 декември 2017 | 2.417 | 2.417 |
| Тековна амортизација | 178 | 178 |
| Состојба на 31 декември 2018 | 2.595 | 2.595 |
| **Нето сегашна вредност на:** | | |
| - 31 декември 2018 | 4.524 | 4.524 |
| - 31 декември 2017 | 4.702 | 4.702 |

## 16. ВЛОЖУВАЖА ВО ПОДРУЖНИЦИ

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Вложување во ЈСП Турс | 28.448 | 28.448 |
| *Вредносно усогласување на вложување во ЈСП Турс* | (27.851) | (26.992) |
| Состојба на 31 декември | 597 | 1.456 |

## 17. ОСТАНАТИ ДОЛГОРОЧНИ СРЕДСТВА

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Дадени долгорочни заеми и кредити - Министерство за одбрана | 137.328 | 189.107 |
| Состојба на 31 декември | 137.328 | 189.107 |

## 18. ЗАЛИХА

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Суровини и материјали | 6.774 | 8.902 |
| Резервни делови | 32.567 | 33.951 |
| Ситен инвентар на залиха | 677 | 1.031 |
| Ситен инвентар во употреба | 8.939 | 11.345 |
| | 48.957 | 55.229 |
| *Намалено за исправка на вредноста* | *(8.939)* | *(11.345)* |
| **Состојба на 31 декември** | 40.018 | 43.884 |

## 19. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 94.241 | 63.783 |
| Аванси | 395 | 60 |
| Останати побарувања (од осигурителни друштва, камата, синдикати и др) | 275 | 6.587 |
| Вкупно | 94.911 | 70.430 |
| *Намалено за исправка на вредноста* | *(41.338)* | *(24.832)* |
| **Состојба на 31 декември** | 53.573 | 45.598 |

Побарувањата од купувачи не се каматоносни.

## 20. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Тековен дел од дадени долгорочни заеми-Министерство за одбрана | 27.015 | - |
| Останати краткорочни финансиски средства | 74 | 100 |
| **Салдо на 31 декември** | 27.089 | 100 |

## 21. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ СРЕДСТВА И ПРЕТПЛАТИ

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Побарувања од државата | 7.687 | 1.580 |
| Побарувања од вработени | 429 | 589 |
| Однапред платени трошоци | 10.067 | 19.779 |
| Останати побарувања | 85 | 194 |
| **Салдо на 31 декември** | 18.268 | 22.142 |

## 22. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Жиро сметки | 346.181 | 297.939 |
| Благајна | 8.518 | 7.159 |
| Девизна сметка | 631 | 408 |
| **Салдо на 31 декември** | **355.330** | **305.506** |

## 23. КАПИТАЛ

Согласно тековна состојба од Централен Регистар на РМ, единствен сопственик на Друштвото е Совет на Град Скопје. Основачкиот влог на Друштвото во износ од 53.296 илјади денари прикажан во финансиските извештаи, не е утврден со Актот на основање и не е регистриран во Централниот регистар на РМ.

## 24. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Долгорочни обврски врз основа на заеми и кредити | 171.256 | 292.868 |
| Останати долгорочни обврски и останати финансиски долгорочни обврски | - | 101.844 |
| *Тековен дел од долгорочни обврски* | *(28.693)* | - |
| **Салдо на 31 декември** | **142.563** | **394.712** |

Друштвото има склучено две спогодби за регулирање на начин на исплата на долг со Министерство за финансии (доверител) на 27.02.2015 година, со рок на доспевање: 01.12.2024 година во вкупен износ од 292.867 илјади денари. Спогодбите се по основ на отплата на главнина и камата од правосилна и извршна пресуда ПС бр.738/03 од 11.11.2004 година на Основен суд Скопје 2 Скопје и пресуда која произлегува од Договор за кредит за увоз на опрема бр.16-1028/1 од 16.05.1997 година и анекси кон договор бр.15-171/2 од 09.02.1998 година и 15-1555 од 25.08.1998 година. Согласно анекс бр.1 кон Спогодбата, од 24.04.2018 година, долгот кон Министерство за финансии се намалува за 90.997 илјади денари, од кои главен долг 35.401 илјади денари и казнена камата 55.596 илјади денари.

## 25. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Краткорочни кредити | 70.534 | - |
| Тековен дел од долгорочни кредити | 28.693 | - |
| Останати краткорочни обврски | - | 10.580 |
| **Салдо на 31 декември** | **99.227** | **10.580** |

## 25. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ (Продолжува)

Краткорочните обврски во износ од 70.534 илјади денари произлегуваат врз основа на Одлука за прием на краткорочна позајмица на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, донесена од Советот на Град Скопје од датум 01 март 2018 година. Со оваа Одлука Градот Скопје од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати прима краткорочна позајмица од 2.160.000 литри Еуродизел БС. Друштвото има обврска да ги врати позајмените количини во рок од четири месеци.

## 26. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Обврски кон добавувачи во земјата | 244.879 | 161.138 |
| Обврски кон добавувачи во странство | 66 | 66 |
| Примени Аванси | 696 | 642 |
| **Салдо на 31 декември** | **245.641** | **161.846** |

Обврските кон добавувачи не се каматоносни. Друштвото редовно ги подмирува своите обврски кон добавувачите.

## 27. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ И ПВР

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Обврска за Данок на добивка | 1.404 | 730 |
| Даноци и надоместоци на плата | 17.008 | 17.225 |
| Обврски кон вработените | 34.046 | 34.522 |
| Обврски кон членови на управен и надзорен одбор | 148 | 29 |
| Пресметани приходи за идни периоди | 5.155 | 1.113 |
| Одложено признавање на приходи врз основа на државни поддршки | 853.122 | 918.444 |
| Одложено признавање на приходи | 162.145 | 186.892 |
| Однапред пресметани трошоци | 2.093 | 2.018 |
| **Салдо на 31 декември** | **1.075.121** | **1.160.972** |

## 28. ОБЕЛОДЕНУВАЊЕ ЗА ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

(а) Салдата на побарувањата и обврските на 31 декември 2018 и 2017, кои произлегуваат од набавките и/или продажбата на добра/услуги од/на поврзаните субјекти на Друштвото се дадени во следниот преглед:

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| ПОБАРУВАЊА | | |
| *Побарувања од купувачи :* | | |
| ЈСП ТУРС ЈСП СКОПЈЕ Дооел | 167 | 260 |
| **Вкупно:** | **167** | **260** |

| | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| ОБВРСКИ | | |
| *Обврски кон добавувачи:* | | |
| ЈСП ТУРС ЈСП СКОПЈЕ Дооел | 1.879 | 646 |
| **Вкупно:** | **1.879** | 646 |

б) Трансакциите со поврзаните субјекти за годината која завршува на 31 декември 2018 и 2017 година се дадени во прегледот кој следува:

| ЈСП ТУРС ЈСП СКОПЈЕ Дооел | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| *Приход :* | | |
| - услуги | 2.250 | 2.142 |
| | 2.250 | 2.142 |
| *Трошоци:* | | |
| - услуги | (9.083) | (6.973) |
| Вкупно | (9.083) | (6.973) |
| **Нето трошок** | (6.833) | (4.831) |

## 29. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

Не постојат материјални последователни настани, кои би имале влијание врз разбирањето на финансиските извештаи.

## 30. НЕИЗВЕСНИ ОБВРСКИ

*Судски спорови*

Против Друштвото се водат судски спорови во износ од 1.694 илјади денари. Правната стручна служба не утврдува веројатност за појава на значителни загуби по основ на споровите поради што друштвото не евидентира резервирања на потенцијални обврски.

*Гаранции*

Со состојба на 31 декември 2018 година Друштвото има обврски за издадени гаранции од Комерцијална Банка АД Скопје во износ од 530 илјади денари.

| Број | Вид на гаранција | Корисник на гаранцијата | Износ МКД |
|---|---|---|---|
| Бр 62118.2 | чинидбена | Општина Илинден | 245 |
| Бр 62119.0 | чинидбена | Општина Илинден | 157 |
| Бр 62120.4 | чинидбена | Општина Илинден | 45 |
| Бр 62121.2 | чинидбена | Општина Илинден | 83 |
| Вкупно | | | 530 |

ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ ц.о.
NDERMARRJA QARKULLUESE PUBLIKE "SHKUP" p.a.
02-644/3
26-06-2019 год
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 27 од Статутот на јавното сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ, Управниот одбор на претпријатието на 23-та седница одржана на 26.06.2019 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За усвојување на Извештај на независен ревизор и финансиски извештај за годината која завршува на 31 декември 2018 година.

1. Се усвојува Извештајот на независен ревизор и финансиски извештај за годината која завршува на 31 декември 2018 година.

2. Составен дел на Одлуката е извештајот.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:

- Директор на ЈСП СКОПЈЕ
- Сектор за Финансиско работење(2)
- Архива

Управен одбор на ЈСП СКОПЈЕ
Претседател

Борче Божиноски